РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 0402-648/1
18.05 20 26 год.
РЕСЕН

ЈУ Центар за социјална работа Ресен

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18") и („Службен весник на РСМ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25") и член член 188 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ" број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) ВД Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, ја донесува следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по јавен оглас број 227/26

**1. За работно место со шифра: СОЗ0102В04003-финансиски контролор IV, стручен од IV ниво во Оддел за административно и помошно технички работи се избира кандидатот**

**-Весна Диновска, со идентификациски код В63ССВЗ.**

2.Во рок од 5 дена од конечноста на одлуката за избор именованата ќе биде вработена на работното место наведено под точка 1, за што ќе биде донесено решение за распоредување, односно ќе биде склучен договор за вработување на неопределено време.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

На ден 08.04.2026 година, во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", како и на интернет страната на Агенција за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административни службеници број 227/26.

Со Решение Бр.10-947/6 од 08.04.2026 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на од страна на Директорот на агенцијата за администрација( во натамошниот текст Комисијата).

По спроведување на сите фази од постапката за селекција Комисијата ја спроведе постапката за селекција при што состави:

-Записник од извршената административна селекција за административен службеник, број 10-947/4 од 23.04.2026 година, Записник од спроведен испит за административен службеник Бр.10-947/9 од 08.05.2026 година и Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, Бр.10-947/10 од 12.05.2026 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог на кандидат за вработување по јавен оглас број

227/26 за работно месо со шифра СОЗ0102В04003-финансиски контролор IV, стручен од IV ниво во Оддел за административно и помошно технички работи за кандидатот Весна Диновска со идентификациски код В63ССВ3.

Врз основа на погоренаведеното, а согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18") и („Службен весник на РСМ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25") ВД Директорот низврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба во рок од осум дена до Агенција за администрација.

Доставено до: избраниот кандидат, Агенција за администрација, архива.

ВД Директор

Маја Мушаревска